## ПРАВИЛА ЗА ВНЕСУВАЊЕ ТРУДОВИ ВО РЕПОЗИТОРИУМОТ НА УКИМ

Трудовите во Репозиториумот се внесуваат согласно утврдени правила.

Секој којшто внесува трудови во Репозиторитумот треба да го знае својот e-mail со екстензија medf.ukim.edu.mk, како и лозинката. Доколку тоа не го знаете, треба да се обратите кај Сашо Симоновски од Медицинскиот факултет во Скопје.

При активирање на вашиот профил, пораките со корисничко име и лозинката стигнуваат на тој e-mail, а исто така и сите останати известувања во врска со поднесените трудови во Репозиториумот ќе ги добиете на тој e-mail, така што од исклучителна важност е да го проверувате тој e-mail.

Следуваат некои поважни информации како да ги пополните полињата при поднесување на трудовите во Репозиториумот:

1. Трудовите може да се внесат мануелно или со преземање од Pubmed (опција free search). Најдобро е секогаш да започнете со free search. Во полето Authors/Publishers ќе го напишете вашето презиме и име и системот ќе ви ги извади сите ваши трудови коишто ќе можете целосно да ги преземете (во видеото имате пример како се користи таа опција). Сите останати трудови коишто ќе ги нема таму за преземање ќе треба да ги внесете мануелно.

2. Пред да започнете мануелно да внесувате труд, мора да одберете во која колекција ќе го ставите. Долколку е трудот публикуван во списание, одбирате колекција Journal articles ; доколку е труд од конгрес, тогаш одбирате колекција Conference papers и тн.

3. Авторите се пишуваат по точен редослед, исто како што се напишани во трудот, но секој во посебно поле. Откако ќе го напишете првиот автор кликнувате на add more за да ги додадете и сите останати во посебни полиња. Доколку трудот го поднесувате мануелно (а не со преземање опција free search) најдобро е имињата да ги пишувате во формат презиме, име на пр. Filipovski, Filip. Целта на внесување на авторите во посебни полиња е да може секој автор да се линкува со својот профил.

4. Во полето **Title** го пишувате насловот на трудот. Доколку трудот има наслов на два јазици на пример на македонски и на англиски јазик, едниот го ставате во **Title,** а другиот во **Other title**. Кај книгите доколку сте автор на поглавје, во Title го пишувате насловот на поглавјето, а во Other title насловот на книгата.

5. Во полето **Publisher** го пишувате издавачот доколку го знаете, во спротивно го оставате полето празно.

6. Во **Type** доколку се работи за труд публикуван во списание одбирате Article. Доколку се работи за труд од конгрес, одбирате Proceeding article. Доколку сте автор на книга одбирате Book, доколку сте автор на поглавје од книга одбирате Book chapter.

7. Во полето **Abstract**, доколку сте во можност направете copy и paste на апстрактот од трудот

8. Секој клучен збор се пишува во посебно поле. Го пишувате првиот па кликнувате на add more за да ви се отворат нови полиња.

9. Во полето **Journal** се става целосниот наслов на списанието.

10. Во полето **Conference** се пишува конгресот на кој е презентиран трудот.

11. Доколку трудот што го поднесувате нема DOI, тогаш треба да го прикачите во pdf или да прикачите скен од трудот. Доколку трудот е од конгрес треба да прикачите скен од апстрактот и од насловната страница од книгата на апстракти во pdf како доказ.

12. Пожелно е секој да си го уреди својот профил и да си стави варијантни имиња во профилот. Тоа значи дека треба да си ги напишете сите варијанти на вашето име на пр. Filipovski, F ; F. FIliposki и многу е важно да стои и кирилично напишано името во формат Филиповски, Филип. Тоа ќе го направите на следниов начин: кога ќе го отворите вашиот профил, одите каде што што пишува Researcher profile status public и кликнувате на public каде што има и моливче. Ви се појавува прозорец и кликнувате на view your profile, потоа одите на edit researcher page и тука можете да си го средите профилот, да си дополните ваши податоци и да напишете варијантни имиња.

ВАЖНО: Не правете дупликати! Доволно е само еден од авторите да го внесе трудот. При внесување на трудот, системот препознава дали некој труд е дупликат. Ако ви покаже порака дека трудот е дупликат, веднаш престанувате со внесување на истиот. За да избегнете правење дупликати, најдобро е секогаш да го проверувате вашиот јавен профил, за да ги видите сите ваши трудови (и тие што сте ги поднеле вие и тие што ги поднел некој друг од авторите, а се линкувани на вашиот профил). Јавниот профил можете да го пребарате горе десно на страницата одма под logged in as има поле search term. Таму го пишувате вашето презиме и име и се отвора researcher profiles и кликнувате точно на местото каде што го пишува вашето име и презиме (веднаш под researcher profiles).